РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-1173/14
од 24.12.2025 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 год. бр.08-636/5 од 26.05.2025 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е1.13 - Фотоволтаични електрани со капацитет помал од 1MW на КП 2072/4 КО Врбјани, Општина Кривогаштини

1. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е1.13 - Фотоволтаични електрани со капацитет помал од 1MW на КП 2072/4 КО Врбјани, Општина Кривогаштини, се однесува на КП 2072/4 КО Врбјани, Општина Кривогаштини

Проектниот опфат се наоѓа во КО Врбјани во општина Кривогаштани на агол односно помеѓу два постојни пристапни патишта. Истиот се движи по границите на катастарската парцела 2072/4. Од северната и од западната страна се граничи со КП 2072/1,од јужната страна опфатот се граничи со постоен пат односно со КП 2200, од источната страна опфатот исто така на еден дел се граничи со постоен пат, додека на југоисточната страна се граничи со КП 2072/5.

Површината на опфатот дефиниран со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е1.13 - Фотоволтаични електрани со капацитет помал од 1MW на КП 2072/4 КО Врбјани, Општина Кривогаштани на наведената КП изнесува 0.63ha.

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајки од **25.12.2025 година до 08.01.2026 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

Општина Кривогаштани
Градоначалник,
Игор Каравилоски